Правила и прописи

Ростуше Треилс 2027



07.10.2026

с. Ростуше

Содржина

1.Организатори
2.Општи информации
3.Општи услови за учество
4.Пријавување
5.Стартнина и стартен пакет
6.Откажување и префрлање на пријава
7.Подигнување на стартен број и пакет
8.Задолжителна и препорачана опрема
9.Временски лимити и откажување од натпреварот
10.Патека на трките
11.Осигурување од незгода
12.Безбедност
13.Маркации
14.Заштита на природата
15.Временски услови
16.Дисквалификација, пенали, жалби и приговори
17.Награди
18.Право врз фотографии
19.Согласност за учество

Изјава за одговорност и физичка подготвеност
Ростуше Треилс 2027

Со доброволното пријавување учесникот потврдува дека правилата, прописите, процедурите и обврските се обврзувачки за време на натпреварот. Овие прописи служат за да го направат натпреварот еднаков за сите учесници и не може да се оспорат на суд. Нивното прифаќање и примена е обврзувачко за да се учествува на настанот. Секој учесник е одговорен за техничката исправност на неговата/нејзината опрема и мора да се погрижи дека се во рамките на правилата. Организаторот не презема никаква одговорност при несреќен случај –незгода, лична повреда или материјална штета или друг вид штети!

ИЗЈАВА – СОГЛАСНОСТ НА УЧЕСНИКОТ

1. Ги прочитав, разбрав и целосно ги прифаќам Правилата и Прописите кои важат за спортскиот настан на кој ќе учествувам (**РОСТУШЕ ТРЕИЛС 2027**) кој ќе се одржи 1**4.08.2027 година**. Правилата и прописите се објавени на официјалната веб страна на настанот (www.rostushetrails.com)

2. Сигурен сум дека сум соодветно подготвен (физички и психички) да учествувам на трката. Ги почитувам соодветните медицински протоколи и контроли кои гарантираат дека имам добро здравје, дека не страдам од било каква болест, алергија, физички недостаток, повреда или кардио-респираторно нарушување а кои би ме советувале против моето учество на настанот.

3. Целосно сум свесен за тешкотиите и напорот на настанот, од патеката, висинскиот профил и растојанието, за кои претходно се консултирав на веб сајтот на настанот (www.rostushetrails.com)

4. Целосно сум свесен дека овој тип на настани содржат дополнителни ризици за учесниците. Според тоа, изјавувам дека учествувам на настанот на моја слободна волја и на моја иницијатива, и дека целосно ги преземам на себе ризиците и последиците што произлегуваат од моето учество.

5. Поседувам доволно знаење и технички вештини кои ја гарантираат мојата лична безбедност во средината и условите за самостојност во кои се одвива настанот. Исто така, дека на денот на настанот ја имам спортската и безбедносната опрема која задолжително ја налага Организаторот, и гарантирам дека е во одлична состојба, дека знам правилно да ја користам, и дека лично ќе ја употребам/носам со мене за време на целиот настан.

6. Се обврзувам дека ќе ги почитувам правилата и безбедносните протоколи наложени од страна на Организаторот за трката во која учествувам, и дека ќе се однесувам одговорно, избегнувајќи ситуации кои ги зајакнуваат ризиците по мојот физички и психички интегритет. Дека ќе ги следам упатствата и ќе ги почитувам одлуките донесени од одговорните лица од Организацијата (судии, доктори и организатори) во смисла на сите безбедносни аспекти.

7. Ги овластувам Медицинските лица на настанот, во било кој момент од настанот, да изведат врз мене било која медицинска процедура или дијагностички тест што тие сметаат дека е соодветен, без разлика дали тоа јас го барам од нив или не. Во случај тие да побараат, јас се согласувам да го напуштам моето учество во настанот и / или да дозволам моја хоспитализација, доколку тие одлучат дека е неопходно по моето здравје.

8. Го овластувам Организаторот на настанот да има ексклузивно право врз фотографиите и видео снимките во кои што сум прикажан лично а кои што се создадени за време на настанот, и да ги користи ексклузивно за потребите на промоција на настанот, и за што нема да добијам финансиски надомест за возврат.

9. Пред или за време на настанот, нема да консумирам ниедна забранета супстанција што се смета за допинг од страна на меѓународните атлетски и планинарски федерации. Свесен сум дека Организаторот има право да ги подложи на анти-допинг контрола првите тројца пласирани во сите категории за двете трки.

10. Свесен сум дека мојот стартен број е личен и не може да се префрли на друго лице, поради што нема да можам да го отстапам или да го продадам на било кое друго лице во било каков случај, дури и во случај да бидам спречен да учествувам на настанот.

11. Учествувам на настанот на моја слободна волја и на моја сопствена одговорност. Следствено, го ослободувам Организаторот, неговите соработници, спонзори и други субјекти, од секаква одговорност за било каква физичка или материјална повреда/инвалидитет/смрт што може да ми се случи, и поради тоа, се откажувам од моето право да поднесам извештај или барање за штета против наведените субјекти.

12. Се обврзувам да ги следам и применувам општите правила за почит кон природата и другите луѓе. Во прилог општите правила:

- Да бидам крајно внимателен и да ги следам важечките сообраќајни правила при движење по патеки и патишта кои се отворени за сообраќај;
- Да не предизвикувам влошување на биотичките, геолошките и културно-историските ресурси или општо на природата;
-Да ги извршувам своите физиолошки потреби на соодветно место, во секој случај, подалеку од извори на вода и водни текови и подалеку од патеки и собирни места;
-Да не фрлам ѓубре или да оставам предмети или тврд или течен отпад вон местата кои се означени специфично за таа намена;
- Да не ја напуштам маркираната патека.

ПРАВИЛА И ПРОПИСИ – РОСТУШЕ ТРЕИЛС 2027

1.ОРГАНИЗАТОР

-Планинарски клуб „ЕВЕРЕСТИНГ РОСТУШЕ„ – с.Ростуше ја организира трката во планинско трчање Ростуше Треилс 2027.

2.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

-Ростуше Треилс е еднодневен спортски настан кој по трет пат се одвива во Националниот парк Маврово, Република Северна Македонија. Третото издание опфаќа 2 трки во планинско трчање кои се закажани на **14.08.2027 година (сабота**).
-Трките се одвиваат во една етапа во полу-автономија, каде што натпреварувачите се подлежни на временски лимит во текот на натпреварот. Патеките се јасно прикажани на веб сајтот (www.rostushetrails.com)

Трки	Должина	D+	D-	Дата	Старт	Лимит
Крчин Треил 27 км	27км	1700 м	1700 м	14.08.2027	08:00	8 h
Багрем Треил 11 км	11км	520м	520м	14.08.2027	10:00	4 h

3.ОПШТИ УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

-Учесниците се обврзуваат на следново:
*Да ги разберат должината и карактеристиките на трката и да се подготват за учество преку соодветен тренинг;
*Да се стекнат, пред настанот, со реална способност за целосна независност во планинска средина и да бидат способни да ги менаџираат сите проблеми кои би се јавиле при овој предизвик особено: -Да се прилагодат на климатските услови што се менуваат со промена на висината и што можат да го отежнат движењето како на пример дожд, студ, ветер, магла или снег.
-Да ја очекуваат физичката и психичката истоштеност што произлегува од учеството во ваков настан, проблеми со дигестија, мускулите, зглобовите, плускавци и мали рани;
- Да разберат дека улогата на организаторот не е да спасува животи. Безбедноста зависи од капацитетот на самиот учесник да се адаптира на очекуваните и неочекуваните проблеми, со кои можно е да се соочи за време на планинската трка.

4.ПРИЈАВУВАЊЕ

-Право на учество:

* Учество на една од трките на Ростуше Треилс е отворено за сите граѓани со навршени 18 години заклучно со 09.08.2027 година во 23:59 часот;
* На трката од 11 КМ – учество може да земат и лица од 13 години па нагоре, со согласност од родител или старател;
* Натпреварувачите кои се под ефикасна забрана за учество во спортски натпревари поради користење недозволени средства (допинг) забрането им е да учествуваат на Ростуше Треилс. -Натпреварувачите кои, на било кој друг спортски настан, се однесувале неспортски и со тоа го довеле во опасност здравјето и безбедноста на други учесници, забрането им е да учествуваат на Ростуше Треилс.

-Процес на пријавување

*Пријавувањето за двете трки започнува на 07.10.2026.
*Пријавувањето се затвора на 09.08.2027 година во 23:59 часот.
*Стартните листи се генерираат на 10.08.2027 и по тој датум, пријавувањето не е можно.
*Пријавувањето ќе се смета за комплетно само по успешно извршено плаќање на стартнината за трката.
*Во форма за пријавување задолжително мора да се внесе:
-Име;
-Презиме;
-Пол;
-датум на раѓање;
-Држава;
-Мобилен телефон за контакт;
-Мобилен телефон од друго лице во случај на несреќа;
-E mail адреса;
-Големина на маица;

5.СТАРТНИНА И СТАРТЕН ПАКЕТ

-Износот на стартнината е следен:

Стартнина во 2027	**Рана пријава** со попуст до 31.01.2027	**Редовни цени** Од 01.02 до 30.06.2027	**Last Chance** Од 01.07 до 09.08.2027 **без маица (само БАНДАНА)**
Крчин треил 27 км	1500 ден	1800 ден	2000 ден
Багрем треил 11 км	1000 ден	1300 ден	1500 ден

-Попусти:
* Групно пријавување / клубски попуст – минимум број на учесници од 5 до 15 членови – 10% / повеќе од 20 членови 20 %.

-Туристички промотери и / или влијателни членови (инфлуенсери) на атлетската или авантуристичката аутдор заедница исто така може да добијат бесплатна котизација. Ве молиме контактирајте нè на everestingrostushe@gmail.com пред да се регистрирате на системот.

-Стартниот пакет го содржи следново:
*стартен биб број и маркации по патеката;
*вода, храна и пијалок, спасители и медицинска помош во текот на трката;
*брендиран подарок од трката;
*финишерски медал;
*Dry- fit маичка;
*влезница во Н.П Маврово;
*бандана за пријавените во последниот повик;
*бесплатни фотографии и видео.
*Производи и ваучери од спонзори
*Online резултати + диплома * Забава по завршувањето на трката

***Процес на пријавување и плаќање**
-Пријавувањето се врши единствено преку пополнување на електронскиот формулар на веб сајтот (www.rostushetrails.com)

-Начин на плаќање на стартнината:
*ОНЛАЈН ПЛАЌАЊЕ СО КРЕДИТНА / ДЕБИТНА КАРТИЧКА ПРЕКУ ВЕБ СЕРВИСОТ
Онлајн плаќањето се врши преку сигурносен систем на Халк Банка АД Скопје.
https://runnerspot.com/event/RostusheTrails

***ПРЕКУ БАНКА НА ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА**
Назив на налогодавач – ПК ЕВЕРЕСТИНГ РОСТУШЕ
Адреса: Ростуше бб.
Трансакциска сметка: 270078105710163
Банка: Халк Банка
Цел на Дознака: Стартнина за Име и Презиме на учесник за Должина на трка.
Повикување на број: Име и Презиме на учесник.

***ПЛАЌАЊЕ ПРЕКУ ФАКТУРА**.
Ве молиме, контактирајте нè на everestingrostushe@gmail.com пред да се регистрирате во системот.

***Ограничен број на учесници**

ТРКА	Максимален број
Крчин треил 27 км	150
Багрем треил 11 км	200
ВКУПНО	**350**

6.ОТКАЖУВАЊЕ И ПРЕФРЛАЊЕ НА ПРИЈАВА
***Откажување на пријава**
-Доколку натпреварувачот сака да го откаже учеството на „Ростуше Треилс„ и сака да добие повраток на средствата од стартнината мора за тоа да го извести организаторот исклучиво по е – mail на everestingrostushe@gmail.com или contact@rostushetrail.com

***Износ на повраток на стартнината заради откажување:**
-откажување до 30.03.2027 – 80 %
-откажување до 01.05.2027 – 50 %
*Повратокот на средствата ќе биде исплатен до 20.07.2027 и подлежи на стандардни банкарски трошоци за трансакција.

-Доколку трката биде откажана поради околности кои се вон контрола на организаторот (виша сила) до 15 дена пред денот на стартот, организаторот го задржува правото да изврши повратот од 50% од платената стартнина.

-Доколку трката биде откажана или скратена поради атмосферски причини или било која причина вон контрола на организаторот (виша сила), нема да биде извршен повраток на стартнината.

***Префрлување од една на друга трка**

-Префрлувањето од една на друга трка е дозволено најдоцна до 09.08.2027. Натпреварувачот кој сака да се префрли треба да испрати е – mail на everestingrostushe@gmail.com со лични податоци, на која трка е пријавен и на која трка се префрла.

-Префрлањето на стартен број на друг натпреварувач Е ДОЗВОЛЕНО најдоцна до 01.08.2027. Пријавениот натпреварувач мора да испрати барање до организаторот на email на everestingrostushe@gmail.com најдоцна до 01.08.2027, со следниве податоци:

-Име и презиме, датум на раѓање, стартен број на натпреварувачот кој се откажува од учество;

-Име и презиме, датум на раѓање на натпреварувачот кој го заменува;

-Барањето мора да дојде на email- от на натпреварувачот кој е веќе пријавен и му е доделен стартен број;

-Натпреварувачот кој ќе го замени мора да се пријави во онлајн системот за пријавување на Ростуше Треилс но без да изврши уплата, организаторот ќе му го додели истиот стартен број.

-Префрлување на стартнина за следно издание НЕ Е ДОЗВОЛЕНО.

-Учество на друга трка наместо на онаа за која натпреварувачот е пријавен и платил НЕ Е ДОЗВОЛЕНО;

-Размена на стартен број со друг или учество на трка со туѓ стартен број НЕ Е ДОЗВОЛЕНО.

7.ПОДИГНУВАЊЕ НА СТАРТЕН БРОЈ И ПАКЕТ

-Подигнувањето на стартниот број и стартниот пакет за двете трки ќе се одржи според објавениот распоред и локација на вебсајтот на настанот (www.rostushetrails.com)

-Подигнувањето на стартниот број и пакет се врши исклучиво лично со покажување на идентификационен документ (лична карта или пасош).

8.ЗАДОЛЖИТЕЛНА И ПРЕПОРАЧАНА ОПРЕМА

-Организаторот може да изврши проверка на задолжителната опрема за време на натпреварот и да ги санкционира натпреварувачите со временски пенали или дисквалификација.

-Задолжителната опрема мора да биде носена во ранец.

-Во случај на специфични временски услови, организаторот го задржува правото да ја измени или надополни листата со задолжителна опрема.

-Следната табела ја покажува задолжителната опрема која секој учесник мора да ја има на себе или во ранец во текот на целата трка:

Опрема	Krchin Trail 27km	Bagrem Trail 11 km
Ранец за трчање	ЗАДОЛЖИТЕЛНО	ПРЕПОРАЧАНО
Мобилен телефон со полна батерија	ЗАДОЛЖИТЕЛНО	ЗАДОЛЖИТЕЛНО
Шишиња за вода или воден меур за во ранец – минимум 1 литар волумен	ЗАДОЛЖИТЕЛНО	ПРЕПОРАЧАНО
Стартен број – прикачен на предниот дел на телото	ЗАДОЛЖИТЕЛНО	ЗАДОЛЖИТЕЛНО
Патики за планинско трчање	ЗАДОЛЖИТЕЛНО	ЗАДОЛЖИТЕЛНО
Фолија за преживување	ЗАДОЛЖИТЕЛНО	ЗАДОЛЖИТЕЛНО
Свирче	ЗАДОЛЖИТЕЛНО	ЗАДОЛЖИТЕЛНО
Водонепропустлива јакна за во планина	ЗАДОЛЖИТЕЛНО	ПРЕПОРАЧАНО
Блуза со долги ракави	ЗАДОЛЖИТЕЛНО	ПРЕПОРАЧАНО

Чашка за течност150ml	**ЗАДОЛЖИТЕЛНО**	**ЗАДОЛЖИТЕЛНО**
Челна ламба	**ПРЕПОРАЧАНО**	**ПРЕПОРАЧАНО**
Сет за брза помош (ханзапласт, еластичен завој)	**ПРЕПОРАЧАНО**	**ПРЕПОРАЧАНО**
Капа или бандана	**ПРЕПОРАЧАНО**	**ПРЕПОРАЧАНО**
Ракавици	**ПРЕПОРАЧАНО**	**ПРЕПОРАЧАНО**
Енергетска храна, гелови	**ПРЕПОРАЧАНО**	**ПРЕПОРАЧАНО**
Планинарски стапчиња	**ПРЕПОРАЧАНО**	**ПРЕПОРАЧАНО**
Батерија на моб.тел. (power bank)	**ПРЕПОРАЧАНО**	**ПРЕПОРАЧАНО**
***Сет опрема за топло време**		
Волумен за течности 1,5 L	**ЗАДОЛЖИТЕЛНО**	**ЗАДОЛЖИТЕЛНО**
Капа со стреа	**ЗАДОЛЖИТЕЛНО**	**ЗАДОЛЖИТЕЛНО**
Крема со УВ фактор	**ПРЕПОРАЧАНО**	**ПРЕПОРАЧАНО**

9.ВРЕМЕНСКИ ЛИМИТИ И ОТКАЖУВАЊЕ ОД НАТПРЕВАРОТ

KRCHIN TRAIL 27 KM 1700 D+					
Check point – Location	Total distance	Split distance	Total D+ (m)	Total D – (-)	Finish
Start – Rostushe	0	0	0	0	08:00
Kutel	3,20 km	3,20 km	450D+	0	/
Bacilo	8,80 km	5,60 km	760D+	0	/
Peak Krchin	12,00 km	3,20 km	430 D+	0	13:00
Lokuv	20,20 km	8,20 km	60 D+	780 D-	/
Finish ROSTUHSE	27	6,8 km	0	920D-	16:00

BAGREM TRAIL 11 KM 520 D+					
Checkpoint – Location	Total distance	Split distance	Total D+ (m)	Total D – (-)	Finish
Start – Rostushe	0	0	0	0	10:00
Jance / Hotel Deko	4,80 km	4,80 km	240 D+	230 D-	12:00
FINISH ROSTUSHE	11,20 км	6,40 km	280 D+	290 D-	14:00

-Временскиот лимит го означувакрајното време на натпреварувачот да ја завршиткачката патека.
-Организаторот ќе назначи волонтери тн „метли„ кои ќе бидат зад последниот (најспориот) натпреварувач со цел да се помогне на секој еден кој има потреба од помош поради откажување или повреда.
-За време на двете трки од Ростуше треилс дозволено е натпреварувачите да имаат лични асистенти како нивна поддршка и тоа само исклучиво во рамките на Освежителните станици.
-Забрането е да се придржуваат натпреварувачите од асистентите и трети лица без стартен број за време на трката тн „пејсери„
-ВНИМАНИЕ: **Секој учесник кој ќе се откаже на локација вон наведените контролни станици ќе треба самиот да се снајде за враќање и задолжително во истиот момент да го информира организаторот преку повик или СМС порака на Организаторскиот мобилен број назначен на стартниот БИБ.**

10.ПАТЕКИ НА ТРКИТЕ

-Патеките на трките на „Ростуше Треилс„ искусуваат способност за движење на природен терен, планински патишта и планинарски патеки кои можат да бидат под голем нагиб, изложени на стрмни падини или исполнети со камења и сипар и префрлање на Река Радика на трката од 11 км.

Трка	Линк за рутата
Крчин Треил 27 км	https://www.rostushetrails.com/en/trails/twentyseven-km
Багрем Треил 11 км	https://www.rostushetrails.com/en/trails/eleven-km

-Доколку се случат неповолни временски услови за време на трката или една или повеќе патеки станат недостапни и небезбедни, трките ќе се одвиваат по алтернативни патеки, кои ќе бидат објавени на вебсајтот на настанот.
-Натпреварувачите мораат изрично да се придржуваат до маркираните патеки. Секое отстапување од маркираната официјална патека може да биде санкционирано со временски пенал или дисквалификација.

11.ОСИГУРУВАЊЕ ОД НЕЗГОДА

-Препорачано е сите натпреварувачи да имаат важечка осигурителна полиса која покрива трошоци за спасување во планина и медицинска помош.
-Натпреварувачите самите се одговорни за поднесувањето на своето отштетно побарување во осигурителната компанија.

12.БЕЗБЕДНОСТ

-Членовите на организацијата и Планинско – спасителните тимови, во постојан контакт со одговорните лица од Организацијата ќе бидат позиционирани низ целата патека. Парамедици ќе бидат позиционирани на различни точки на рутата, како и на стартот и целта. Во случај на повреда или на друга итна ситуација, натпреварувачите ќе треба да се јават на предвидените СОС телефони на Спасителната служба и на организаторот кои се запишани на стартниот број, а доколку се најдат на терен каде нема телефонски сигнал, да ја пренесат пораката до првата следна контролна точка – за да може што побргу да се интервенира.
-Земајќи го предвид непристапниот терен и непредвидливите планински услови најчесто самите учесници се наоѓаат први на местото на незгодата. Затоа секој учесник кој ќе се најде во таква ситуација, е должен да ја прекине својата трка и активно да се вклучи во пружање помош на повредениот тркач.
-Со цел да се сочува безбедноста и здравјето на натпреварувачите, контролорите и медицинските екипи на контролните точки имаат овластување да ги сопрат и исклучат од трката оние натпреварувачи за кои ќе оценат дека веќе не се во состојба да ја продолжат трката поради некоја медицинска состојба или болест.
-Натпреварувачите се должни да ги следат инструкциите и наредбите од директорот на трката, судиите, контролорите и медицинските екипи. Секое непочитување на овие инструкции ќе доведе до дисквалификација на натпреварувачот, а доколку истиот одлучи да продолжи по секоја цена, организаторот не презема никаква одговорност за можните несакани последици.
-Секој натпреварувач што има некаква болест или состојба го советуваме да се консултира со специјалист за дозвола за учество на натпреварите и за својата здравствена состојба задолжително да го извести организаторот на трката.

13.МАРКАЦИИ

-Патеките се маркирани со знаменца, пвц ленти во боја, дирекциони стрелки, како и инфо табли на освежителните станици со изминатата и преостанатата далечина. Патеките можат да се преземат во .gpx и .kml формат на www.rostushetrails.com за да се користат за навигација на GPS уреди, паметни телефони или часовници.

-**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** Не се потпирајте само на податоци на GPS часовниците или паметните телефони за време на трката. Во зависност од временските услови и други влијанија, се јавува разлика од 5%. На трка од 50 км тоа би значело и разлика од 2 км.

14.ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

-Трката се одржува во Националниот парк Маврово. Од тие причини од учесниците се очекува целосно да ја почитуваат околината, конкретно ѓубрето да не го остават на пат, да не собираат цвеќе или да го вознемируваат дивиот свет.
-Секој кој ќе биде откриен дека остава ѓубре или ја уништува природата по патеката ќе биде дисквалифициран од трката.
-На освежителните станици ќе бидат оставени корпи за отпад каде учесниците ќе можат да се ослободат од ѓубрето. Препорачано е да се носи мала кеса за собирање на искористени марамчиња и амбалажа кои потоа можете да ги фрлите на освежителната станица.
-Натпреварувачите мора да ги следат обележаните патеки и да избегнуваат да одат по необележан терен за да не предизвикуваат оштетување на околната природа.
-Со цел да се намали употребата на пластика, нема да има чаши за една употреба на освежителните станици, учесниците се обврзани да носат нивни чаши / бидони.

15.ВРЕМЕНСКИ УСЛОВИ

-Во случај на лоши временски услови (густа магла, снег, силен ветер или грмотевици) организаторот го задржува правото да направи ненајавени измени на патеките, дури и за време на трката, со цел да ги намали потенцијалните опасности по здравјето и безбедноста на учесниците.
Волонтерите и организаторот ќе ги информираат натпреварувачите, соодветно за било која промена на трката.
-Организаторот, исто така, го задржува правото привремено да ја сопре или целосно да ја откаже трката доколку временските услови се такви што директно ги изложуваат на ризик натпреварувачите, волонтерите и медицинско – спасителните тимови на терен.

16.ДИСКВАЛИФИКАЦИЈА,ПЕНАЛИ,ЖАЛБИ И ПРИГОВОРИ

-Пенал или дисквалификација можат да бидат применети веднаш на лице место, на целта или по завршување на трката според укажување на судиите или приложени докази и изјави од сведоци на престапот.
-Се прифаќаат следниве докази за приговорите и жалбите: оригинален GPS запис, фотографии / видео со временска ознака, писмени изјави од најмалку 2ца сведоци – натпреварувачи и / или дел од организацијата.
-Рокот за жалби и приговори започнува веднаш по пристигнувањето на целта и трае до 10:00 часот на 17.08.2027. Жалбите и приговорите се поднесуваат писмено (лично на рака или по email).
-Жалбите и приговори ќе бидат разгледани и одлучено од страна на трочлена комисија составена од Директорот на трката, Техничкиот директор и Одговорно лице за тајминг мерење на настанот.
-Објавувањето на официјалните резултати ќе биде најдоцна 48 часа по завршувањето на последната трка на веб страната на настанот.
-Организаторот го задржува правото да пенализира или дисквалификува натпреварувач дури и после објавувањето на официјалните резултати (на пример, во случај на допинг или укажувања – докази за сериозни прекршувања на правилата и спортскиот фер – плеј).

Доколку НАТПРЕВАРУВАЧОТ	ПЕНАЛ
-Не поминал и не е заведен на една или повеќе контролни точки (КТ)	Дисквалификација или временски пенал или според одлука на директорот на трката
-Отстапува од маркираната патека или користи други патишта и притоа ја крати вкупната должина	-Дисквалификација
-Отстапува од маркираната патека или приоѓа на КТ од друга насока но притоа не ја крати вкупната должина	Дисквалификација или временски пенал или според одлука на директорот на трката
Учествува без стартен број или користи стартен број кој не му припаѓа лично нему / неа според стартната листа	Дисквалификација
Одбива да помогне на друг натпреварувач	Дисквалификација
Добива помош / асистенција / храна од трети лица вон зоната на освежителни станици	Дисквалификација
Користи транспорт на трката (велосипед, мотор, атв , возило)	Дисквалификација
Одбива проверка на задолжителна опрема	Дисквалификација
Не носи со себе задолжителна опрема	Дисквалификација или временски пенал или според одлука на директорот на трката
Уништува маркации, неспортски се однесува кон други натпреварувачи или навредува или се заканува на волонтери или непочитува наредби од официјални лица	Дисквалификација
Намерно фрла ѓубре низ патеката и ја оптерува флората и фауната	Дисквалификација
Користи забранети средства за подобрување на перфорнансите (допинг)	Дисквалификација

17.НАГРАДИ

-Секој учесник што ќе ја заврши трката во рамките на максималното предвидено време ќе добие финишерски медал на целта.
-Наградите се доделуваат според дискреција на организаторот и спонзорите и според правилата на ITRA.
-Резултатите на сите завршени натпреварувачи за трките од изданието на Ростуше Треилс 2027 ќе бидат класифицирани во следниве возрасни и 2 полови категории:

-Конечнато рангирање на натпреварувачите е во Генерален Пласман, категорија Мажи (M) и категорија Жени (F).
-Непарични награди и трофеи ќе им бидат доделени на првите 3 мажи и 3 жени на секоја трка.
-Возрасните категории ќе бидат прогласени од секоја трка и ќе добијат сертификати.
-Наградите ќе бидат доделени единствено на церемонијата, тие нема да бидат дадени однапред поради било која причина.

18.ПРАВО ВРЗ ФОТОГРАФИИ

-Со пријавувањето, натпреварувачите го овласуваат организаторот без надоместок и за свои потреби и цели да ги користи фотографиите и видео-снимките на кои се прикажани истите, без територијални и временски ограничувања.

19.СОГЛАСНОСТ ЗА УЧЕСТВО

-Со доброволното пријавување и плаќање на стартнината, учесникот потврдува дека правилата, прописите, процедурите и обврските се обврзувачки за време на натпреварот. Овие прописи служат за да го направат натпреварот еднаков за сите учесници и не може да се оспорат на суд.
-Прифаќањето и примената на правилата и прописите, изјавата за физичка подготвеност и лична одговорност е обврзувачко за да се учествува на настанот. Секој учесник е одговорен за техничката исправност на неговата / нејзината опрема и мора да се погрижи дека се во рамките на правилата. Организаторот не презема никаква одговорност при несреќен случај – незгода, лична повреда или материјална штета, кражба или друг вид штети!

Со лесно!

Ростуше Треилс – организационен тим

ПК „ЕВЕРЕСТИНГ РОСТУШЕ„

Oktaj Bekjiri

Haris Bekjiri